РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-3028/2
04-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на ден 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата со број 12-3028/1 од 07.10.2026 година доставена од Министерството ---------- со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за вработување на едно лице на работно место актер, поведена по објавен Јавен оглас бр.-------- во НУ ----------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, за проверка на пријавените наводи надлежен е друг орган- Секторот за управен и инспекциски надзор при Министерството за култура и туризам. Во однос на наводите за сомневање за можен судир на лицата кои учествувале во споменатата постапка, ДКСК констатира дека од страна на пријавеното лице биле преземени дејствија со цел да се превенира настанувањето на судир на интереси при донесување на одлуката за избор во посочената постапка.

Пријавата ќе се достави на надлежно постапување до Министерството за култура и туризам - Секторот за управен и инспекциски надзор.

Предметот со број 12-3028/1 од 07.10.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 07.10.2026 година до ДКСК доставена е пријава од Министерството ----------, по која е оформен предмет бр.12-3028/1 со која се бара надлежно постапување на ДКСК.

Имено, се работи за поднесена Иницијатива за вршење на вонреден инспекциски надзор од лицето ---------- ---------, во врска со спроведена постапка за вработување на едно лице на работно место актер во НУ ----------, по објавен Јавен оглас -----/------.
Во пријавата се наведува на низа суштински и законски повреди во постапката за вработување, поврзани со непочитување на законските одредби за спречување на можен судир на интереси во споменатата постапка за вработување.

Подносителот во пријавата наведува дека во предметната постапка за вработување член на Управен одбор на ---------- истовремено бил поставен и за член на Комисијата за спроведување на постапката за вработување по Јавен оглас ---/------, односно член на органот кој решава по приговори е истовремено и член на Комисија која ја спроведува постапката.

Од доставената документација е констатирано дека, при разгледувањето на точката на дневниот ред на која Управниот одбор одлучувал во врска со постапката за вработување, посоченият член бил изземен од гласањето за донесување на одлука за избор на кандидат во постапката за вработување по јавен оглас ---/------, имајќи предвид дека учествувал како член на комисијата за спроведување на истата.

Во однос на надлежноста за постапување за останатите наводи, Комисијата оцени дека проверката на наводите за евентуални неправилности во постапката за вработување е во надлежност на друг орган, односно на надлежниот сектор за управен и инспекциски надзор при ресорното министерство.
По разгледување на предметните наводи, ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, за проверка на пријавените наводи надлежен е друг орган- Секторот за управен и инспекциски надзор при Министерството за култура и туризам, додека во однос на наводите за сомневање за можен судир на лице кое учествувало во споменатата постапка, ДКСК констатира дека од страна на пријавеното лице биле преземени дејствија со цел да се превенира настанувањето на судир на интереси при донесување на одлуката за избор во посочената постапка. Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З., Член на ДКСК